**ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2006 ГОДИНА**

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 23.4. и 24.4.2007 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа во 2006 година на апелационите и на основните судови во Република Македонија и ги утврди следните

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Во остварување на својата надлежност согласно Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во државата, на проширената Општа седница ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија од аспект на ажурноста и квалитетот на работата.

Во 2006 година, судскиот систем во Република Македонија го сочинуваа 27 основни судови со стварна надлежност на првостепени судови, 3 апелациони судови со стварна надлежност на второстепени судови за одлучување по изјавените жалби на пресудите на основните судови и Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд со стварна надлежност по вонредните правни лекови, управно судска контрола на поединечните акти на управата и надлежност за обезбедување единство во примената на законите од страна на судовите.

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд, во суштина претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката. Таа положба е многу важна, токму за оценката како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ефикасни, квалитетни, како се унапредува и подобрува функцијата на судовите, колку се тие ефикасни во обезбедувањето на правдата, колку се тие непристрасни во примената на правото и посебно колку се ефикасни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, како и правната сигурност на граѓаните во Република Македонија.
Податоците во рефератите по извештаите, покажуваат дека судиите во Република Македонија кои во 2006 година на број биле помалку за 12 споредено со 2005 година вложиле повеќе труд и решиле повеќе предмети по судија.

Извештаите за работа на судовите во Република Македонија за 2006 година, покажуваат дека станува збор за огромна завршена работа (пресуди и пресудувања). Судовите сеуште неефикасни иако во одреден број на судови во 2006 година тоа е подобрено. Причини за сеуште неефикасна, односно неажурна состојба на судовите има бројни, како објективни така и субјективни. На пример: недоволен број на судии, недоволен број на стручни соработници и советници, непополнети работни места за административни работници; нивна несоодветна структура и образование; надминати законски постапки, поставениот тек на реформи во судскиот систем, лошата материјална состојба на судовите и администрацијата (мали плати).

Не можеме да го пренебрегнеме општото мислење за судството како неефикасно, неквалитетно, корумпирано и зависно.

Причини за вака формираното јавно мислење има многу. Дел од причините се оправдани и тие повеќе пати и по разни основи се констатирани и прифатени.

Стои констатацијата дека имаме спорост во пресудувањето на случаи поврзани со корупција, злоупотреба на службената положба, дека постои некритичен однос на судиите кон сопствената работа и знаење и неправилна примена на законите во случаите од недозволена трговија со луѓе, оружје и дрога, слаба или поточна блага политика на примена на законите при изрекувањето на казните.

Судиите се повеќе не наоѓаат начин да се отргнат и одбијат разноразни притисоци и зависности во пресудувањето.

Општата седница, во врска со работењето на судовите во 2006 година преку извештаите констатира, кои судови како и што треба да превземат во 2007 година да ја подобрат ефикасноста и квалитетот на пресудувањето.

Од посебно значење за судството е соработката на Република Македонија со Европската Унија на полето на правдата, која треба да се насочи кон поквалитетна примена на новите закони, завршување на законите кои во овој период треба да се донесат, а тоа се со цел да се постигне унапредување на самостојноста и независноста на судството, подобрување на неговата ефикасност и зголемување на едуцираноста на судиите и другиот судски кадар.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира дека судовите мора ефикасно и квалитетно да се справи со предметите од областа на организираниот криминал, корупцијата, нелегалната трговија и друг вид на криминал кој ја поткопува економската и уставната положба на Република Македонија и се узурпирани или кршат основните загарантирни права и слободи на граѓаните.

**2.Состојба со предметите во 2006 година**

Во 2006 година, според прегледот од извештаите состојбата со предметите (примени, нови и решени), по судови е следна:

| ред бр | суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) |
| 1. | Апелационен суд Скопје | 1.377 | 22.331 | 23.708 | 22.573 | 1.135 |
| 2. | Апелационен суд Битола | 683 | 10.846 | 11.529 | 10.432 | 1.097 |
| 3. | Апелационен суд Штип | 1.167 | 6.758 | 7.925 | 7.234 | 691 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **3.227** | **39.935** | **43.162** | **40.239** | **2.923** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Основен суд Велес | 25.522 | 33.478 | 59.000 | 29.217 | 29.783 |
| 2. | Основен суд Гевгелија | 28.625 | 26.517 | 55.142 | 23.075 | 32.067 |
| 3. | Основен суд Гостивар | 48.857 | 44.057 | 92.914 | 42.517 | 50.397 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Основен суд Дебар | 7.630 | 9.955 | 17.585 | 9.746 | 7.839 |
| 5. | Основен суд Кавадарци | 23.151 | 24.933 | 48.084 | 27.289 | 20.795 |
| 6. | Основен суд Кратово | 2.025 | 2.741 | 4.766 | 2.815 | 1.951 |
| 7. | Основен суд Крива Паланка | 3.540 | 8.318 | 11.858 | 9.679 | 2.179 |
| 8. | Основен суд Куманово | 61.824 | 23.769 | 85.593 | 30.681 | 54.912 |
| 9. | Основен суд Неготино | 12.721 | 17.039 | 29.760 | 12.338 | 17.422 |
| 10. | Основен суд Скопје 1 | 155.692 | 151.509 | 307.201 | 163.144 | 144.057 |
| 11. | Основен суд Скопје2 | 90.776 | 153.202 | 243.978 | 124.535 | 119.443 |
| 12. | Основен суд Тетово | 44.292 | 64.097 | 108.389 | 44.387 | 64.002 |
| 13. | Основен суд Битола | 69.273 | 31.593 | 100.866 | 39.256 | 61.610 |
| 14. | Основен суд Кичево | 3.707 | 22.285 | 25.992 | 17.389 | 8.603 |
| 15. | Основен суд Крушево | 4.535 | 4.044 | 8.579 | 4.081 | 4.498 |
| 16. | Основен суд Охрид | 43.649 | 22.199 | 65.848 | 25.930 | 39.918 |
| 17. | Основен суд Прилеп | 79.655 | 43.102 | 122.757 | 52.360 | 70.397 |
| 18. | Основен суд Ресен | 3.774 | 5.243 | 9.017 | 5.316 | 3.701 |
| 19. | Основен суд Струга | 26.967 | 18.063 | 45.030 | 28.329 | 16.701 |
| 20. | Основен суд Берово | 3.416 | 7.637 | 11.053 | 7.139 | 3.914 |
| 21. | Основен суд Виница | 1.283 | 5.010 | 6.293 | 5.195 | 1.098 |
| 22. | Основен суд Делчево | 3.221 | 5.930 | 9.151 | 6.579 | 2.572 |
| 23. | Основен суд Кочани | 18.746 | 23.236 | 41.982 | 19.670 | 22.312 |
| 24. | Основен суд Радовиш | 11.404 | 14.793 | 26.197 | 12.971 | 13.226 |
| 25. | Основен суд Свети Николе | 8.230 | 9.866 | 18.096 | 12.340 | 5.756 |
| 26. | Основен суд Струмица | 39.520 | 29.328 | 68.848 | 41.665 | 27.183 |
| 27. | Основен суд Штип | 23.864 | 33.976 | 57.840 | 32.245 | 25.595 |
| | **Вкупно предмети основни судови** | **845.899** | **835.920** | **1.681.819** | **829.888** | **851.931** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно предмети основни и апелациони судови** | **849.126** | **875.855** | **1.724.981** | **870.127** | **854.854** |

| Споредбени податоци за судии период 2004 - 2007<br>( базен период месец Февруари) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | судии | | | |
| | суд | судии 2004 | судии 2005 | судии 2006 | судии 2007 |
| 1. | Основен суд Скопје 2 | 74 | 75 | 76 | 74 |
| 2. | Основен суд Струга | 15 | 16 | 17 | 17 |
| 3. | Основен суд Струмица | 27 | 25 | 27 | 26 |
| 4. | Основен суд Гостивар | 19 | 19 | 20 | 19 |
| 5. | Основен суд Виница | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 6. | Основен суд Берово | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 7. | Основен суд Скопје 1 | 75 | 83 | 79 | 74 |
| 8. | Основен суд Свети Николе | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 9. | Основен суд Ресен | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 10. | Основен суд Радовиш | 10 | 10 | 12 | 11 |
| 11. | Основен суд Делчево | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 12. | Основен суд Кавадарци | 17 | 18 | 18 | 18 |
| 13. | Основен суд Кочани | 17 | 17 | 18 | 17 |
| 14. | Основен суд Кратово | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 15. | Основен суд Прилеп | 25 | 26 | 27 | 24 |
| 16. | Основен суд Охрид | 19 | 20 | 18 | 15 |
| 17. | Основен суд Куманово | 32 | 32 | 31 | 32 |
| 18. | Основен суд Крушево | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 19 | Основен суд Неготино | 6 | 7 | 7 | 7 |
| 20. | Основен суд Тетово | 28 | 29 | 32 | 30 |
| 21. | Основен суд Велес | 19 | 20 | 20 | 18 |
| 22. | Основен суд Штип | 24 | 24 | 24 | 24 |
| 23. | Основен суд Кичево | 16 | 16 | 17 | 17 |
| 24. | Основен суд Крива Паланка | 8 | 8 | 9 | 9 |
| 25. | Основен суд Дебар | 6 | 7 | 7 | 7 |
| 26. | Апелационен суд Скопје | 43 | 43 | 50 | 46 |
| 27. | Управа на судска зграда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28. | Апелационен суд Штип | 14 | 15 | 15 | 14 |
| 29. | Врховен суд на РМ | 23 | 45 | 23 | 21 |
| 30. | Основен суд Гевгелија | 17 | 18 | 20 | 18 |
| 31. | Основен суд Битола | 31 | 32 | 28 | 26 |
| 32. | Апелационен суд Битола | 23 | 23 | 21 | 20 |
| 33. | Судски совет | 5 | 7 | 7 | 8 |
| | **29010** | **630** | **672** | **660** | **629** |

Од овие извештајни податоци, произлегува дека 15 основни судови го совладале приливот и тоа:

1.Основен суд Кавадарци за 2.356 предмети
2.Основен суд Кратово за 74 предмети
3.Основен суд Крива Паланка за 1.361 предмет
4.Основен суд Куманово за 7.912 предмети
5.Основен суд Скопје I Скопје за 11.635 предмети
6.Основен суд Битола за 7.763 предмети
7.Основен суд Крушево за 37 предмети
8.Основен суд Охрид за 3.740 предмети
9.Основен суд Прилеп за 9.260 предмети
10.Основен суд Струга за 10.266 предмети
11.Основен суд Виница за 185 предмети
12.Основен суд Делчево за 649 предмети
13.Основен суд Свети Николе за 2.580 предмети
14.Основен суд Ресен за 73 предмети
15.Основен суд Струмица за 12.337 предмети

**3.Финансиска состојба**

Почетниот буџет за судската власт за 2006 година беше недоволен за остварување на основната функција на судовите. Во текот на годината се превземени активности со одлуки на Судскиот буџетски совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите.

Со ребалансот на буџетот за 2006 година, дополнително е ублажена состојбата на недостаток на средства за категорија тековни расходи. Со одобрениот ребаланс на буџетот тој е зголемен за 45,69%. Показателите за реализација на буџетот, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените ставки. Судовите се соочуваат со големи нереализирани обврски.

Основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите. Заклучно со 31.12.2006 година износот на вкупниот долг на судската власт изнесува 104.756.000,00 денари, споредбено со 31.12.2004 година кога долгот изнесувал 72.849.000,00 денари.

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки, најголемите долгови се однесуваат на:

-ставката за комунални услуги во износ од 19.087.159,00 денари;

-ставката за договорни услуги (преводи, судски вештачења, договорни услуги и слично) со заостанати обврски во износ од 24.581.707,00 денари;

-ставката за оперативни трошоци на судовите во износ од 15.998.543,00 денари.

**4.Персонален состав**

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

| Споредбени податоци за државни службеници период 2004 - 2007<br>( базен период месец Февруари) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | државни службеници | | | |
| | суд | држ. Служб 2004 | држ. Служб 2005 | држ. Служб 2006 | држ. Служб 2007 |
| 1. | Основен суд Скопје 2 | 217 | 170 | 179 | 187 |
| 2. | Основен суд Струга | 50 | 43 | 46 | 46 |
| 3. | Основен суд Струмица | 77 | 64 | 58 | 65 |
| 4. | Основен суд Гостивар | 66 | 55 | 58 | 68 |
| 5. | Основен суд Виница | 23 | 22 | 21 | 22 |
| 6. | Основен суд Берово | 25 | 23 | 23 | 22 |
| 7. | Основен суд Скопје 1 | 277 | 227 | 231 | 230 |
| 8. | Основен суд Свети Николе | 24 | 22 | 22 | 23 |
| 9. | Основен суд Ресен | 20 | 20 | 22 | 22 |
| 10. | Основен суд Радовиш | 36 | 33 | 32 | 32 |
| 11. | Основен суд Делчево | 28 | 27 | 28 | 29 |
| 12. | Основен суд Кавадарци | 50 | 35 | 42 | 42 |
| 13. | Основен суд Кочани | 51 | 47 | 48 | 46 |
| 14. | Основен суд Кратово | 13 | 11 | 11 | 10 |
| 15. | Основен суд Прилеп | 87 | 76 | 74 | 76 |
| 16. | Основен суд Охрид | 65 | 63 | 77 | 74 |
| 17. | Основен суд Куманово | 85 | 68 | 74 | 77 |
| 18. | Основен суд Крушево | 18 | 16 | 18 | 19 |
| 19. | Основен суд Неготино | 22 | 18 | 19 | 19 |
| 20. | Основен суд Тетово | 80 | 72 | 87 | 106 |
| 21. | Основен суд Велес | 56 | 53 | 60 | 57 |
| 22. | Основен суд Штип | 76 | 67 | 69 | 74 |
| 23. | Основен суд Кичево | 46 | 36 | 34 | 44 |
| 24. | Основен суд Крива Паланка | 28 | 26 | 25 | 31 |
| 25. | Основен суд Дебар | 16 | 15 | 16 | 20 |
| 26. | Апелационен суд Скопје | 90 | 80 | 78 | 75 |
| 27. | Управа на судска зграда | 3 | 4 | 4 | 4 |
| 28. | Апелационен суд Штип | 27 | 24 | 27 | 27 |
| 29. | Врховен суд на РМ | 40 | 23 | 57 | 58 |
| 30. | Основен суд Гевгелија | 55 | 48 | 53 | 52 |
| 31. | Основен суд Битола | 118 | 100 | 103 | 102 |
| 32. | Апелационен суд Битола | 48 | 39 | 38 | 40 |
| 33. | Судски совет | 7 | 7 | 12 | 12 |
| | **29010** | **1.924** | **1.634** | **1.746** | **1.811** |

**Споредбени податоци за вработени во судска власт 2004 - 2007**
**( базен период месец Февруари)**

| | | вкупно вработени | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | суд | вкупно вработени 2004 | вкупно вработени 2005 | вкупно вработени 2006 | вкупно вработени 2007 |
| 1. | Основен суд Скопје 2 | **315** | 277 | 286 | 292 |
| 2. | Основен суд Струга | **72** | 66 | 70 | 70 |
| 3. | Основен суд Струмица | **112** | 96 | 95 | 101 |
| 4. | Основен суд Гостивар | **95** | 87 | 89 | 100 |
| 5. | Основен суд Виница | **33** | 32 | 33 | 34 |
| 6. | Основен суд Берово | **37** | 35 | 37 | 38 |
| 7. | Основен суд Скопје 1 | **375** | 339 | 339 | 333 |
| 8. | Основен суд Свети Николе | **35** | 33 | 32 | 33 |
| 9. | Основен суд Ресен | **30** | 30 | 32 | 32 |
| 10. | Основен суд Радовиш | **52** | 48 | 51 | 51 |
| 11. | Основен суд Делчево | **40** | 39 | 42 | 43 |
| 12. | Основен суд Кавадарци | **73** | 61 | 68 | 68 |
| 13. | Основен суд Кочани | **76** | 72 | 73 | 72 |
| 14. | Основен суд Кратово | **22** | 20 | 20 | 19 |
| 15. | Основен суд Прилеп | **126** | 117 | 115 | 116 |
| 16. | Основен суд Охрид | **93** | 94 | 106 | 100 |
| 17. | Основен суд Куманово | **128** | 111 | 116 | 121 |
| 18. | Основен суд Крушево | **29** | 28 | 30 | 29 |
| 19. | Основен суд Неготино | **32** | 29 | 30 | 31 |
| 20. | Основен суд Тетово | **120** | 113 | 131 | 148 |
| 21. | Основен суд Велес | **85** | 82 | 89 | 85 |
| 22. | Основен суд Штип | **108** | 99 | 100 | 107 |
| 23. | Основен суд Кичево | **69** | 60 | 59 | 68 |
| 24. | Основен суд Крива Паланка | **42** | 40 | 40 | 45 |
| 25. | Основен суд Дебар | **27** | 27 | 28 | 32 |
| 26. | Апелационен суд Скопје | **139** | 128 | 133 | 126 |
| 27. | Управа на судска зграда | **31** | 29 | 26 | 28 |
| 28. | Апелационен суд Штип | **48** | 46 | 48 | 47 |
| 29. | Врховен суд на РМ | **76** | 74 | 86 | 89 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Основен суд Гевгелија | **80** | 74 | 81 | 78 |
| 31. | Основен суд Битола | **161** | 145 | 144 | 140 |
| 32. | Апелационен суд Битола | **79** | 74 | 71 | 72 |
| 33. | Судски совет на РМ | **14** | 16 | 21 | 22 |
| | **29010** | **2.854** | **2.621** | **2.721** | **2.770** |
| | | | | | |

**Споредбени податоци за судска полиција 2004 - 2007**
**( базен период месец Февруари)**

| | | **судска полиција** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **суд** | **судска полиција 2004** | **судска полиција 2005** | **судска полиција 2006** | **судска полиција 2007** |
| 1. | Основен суд Скопје 2 | 7 | 8 | 8 | 7 |
| 2. | Основен суд Струга | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 3. | Основен суд Струмица | 5 | 5 | 7 | 7 |
| 4. | Основен суд Гостивар | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 5. | Основен суд Виница | 4 | 4 | 6 | 6 |
| 6. | Основен суд Берово | 4 | 4 | 6 | 7 |
| 7. | Основен суд Скопје 1 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 8. | Основен суд Свети Николе | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 9. | Основен суд Ресен | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 10. | Основен суд Радовиш | 3 | 3 | 5 | 6 |
| 11. | Основен суд Делчево | 4 | 4 | 6 | 6 |
| 12. | Основен суд Кавадарци | 4 | 6 | 6 | 6 |
| 13. | Основен суд Кочани | 6 | 6 | 6 | 8 |
| 14. | Основен суд Кратово | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 15. | Основен суд Прилеп | 5 | 5 | 6 | 8 |
| 16. | Основен суд Охрид | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 17. | Основен суд Куманово | 6 | 5 | 5 | 6 |
| 18. | Основен суд Крушево | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 19. | Основен суд Неготино | 3 | 3 | 3 | 4 |
| 20. | Основен суд Тетово | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 21. | Основен суд Велес | 6 | 6 | 6 | 7 |
| 22. | Основен суд Штип | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 23. | Основен суд Кичево | 5 | 5 | 5 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Основен суд Крива Паланка | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 25. | Основен суд Дебар | 3 | 3 | 3 | 4 |
| 26. | Апелационен суд Скопје | 5 | 4 | 4 | 4 |
| 27. | Управа на судска зграда | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 28. | Апелационен суд Штип | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 29. | Врховен суд на РМ | 8 | 2 | 2 | 5 |
| 30. | Основен суд Гевгелија | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 31. | Основен суд Битола | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 32 | Апелационен суд Битола | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 33. | Судски совет | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **29010** | **162** | **156** | **167** | **178** |

**Споредбени податоци за недржавни службеници период 2004 - 2007**
**( базен период месец Февруари)**

| | | недржавни службеници | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **суд** | **недржавни службеници 2004** | **недржавни службеници 2005** | **недржавни службеници 2006** | **недржавни службеници 2007** |
| 1. | Основен суд Скопје 2 | 17 | 24 | 23 | 24 |
| 2. | Основен суд Струга | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 3. | Основен суд Струмица | 3 | 2 | 3 | 3 |
| 4. | Основен суд Гостивар | 4 | 7 | 5 | 7 |
| 5. | Основен суд Виница | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 6. | Основен суд Берово | 2 | 2 | 2 | 3 |
| 7. | Основен суд Скопје 1 | 15 | 21 | 21 | 21 |
| 8. | Основен суд Свети Николе | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 9. | Основен суд Ресен | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 10. | Основен суд Радовиш | 3 | 2 | 2 | 2 |
| 11. | Основен суд Делчево | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 12. | Основен суд Кавадарци | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 13. | Основен суд Кочани | 2 | 2 | 1 | 1 |
| 14. | Основен суд Кратово | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 15. | Основен суд Прилеп | 9 | 10 | 8 | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Основен суд Охрид | 3 | 5 | 5 | 5 |
| 17. | Основен суд Куманово | 5 | 6 | 6 | 6 |
| 18. | Основен суд Крушево | 2 | 3 | 3 | 2 |
| 19. | Основен суд Неготино | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 20. | Основен суд Тетово | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 21. | Основен суд Велес | 4 | 3 | 3 | 3 |
| 22. | Основен суд Штип | 2 | 2 | 1 | 3 |
| 23. | Основен суд Кичево | 2 | 3 | 3 | 2 |
| 24. | Основен суд Крива Паланка | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 25. | Основен суд Дебар | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 26. | Апелационен суд Скопје | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 27. | Управа на судска зграда | 27 | 25 | 22 | 24 |
| 28. | Апелационен суд Штип | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 29. | Врховен суд на РМ | 5 | 4 | 4 | 5 |
| 30. | Основен суд Гевгелија | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 31. | Основен суд Битола | 4 | 5 | 5 | 4 |
| 32. | Апелационен суд Битола | 2 | 6 | 6 | 6 |
| 33. | Судски совет | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | **29010** | **138** | **159** | **148** | **152** |

За споредба, во 2004 година судската функција ја извршувале 630 судии, во 2005 година 672 судии, во 2006 година 660 судии.

Во 2004 година вкупно се завршени 723.605 предмети;

Во 2005 година вкупно се завршени 864.983 предмети;

Во 2006 година вкупно се завршени 860.844 предмети.

Бројот на вкупно вработените (судии, стручни, администрација) се движи: 2004 година 2.854; 2005 година 2.621 и 2006 година 2.721.

Од овие податоци реално, Општата седница на Врховниот суд констатира дека човечките ресурси, нивниот статус и материјална состојба, во судовите во Република Македонија укажуваат на немање на полн капацитет за спроведување реформата и воспоставување европски стандарди на времето потребно за пресудување, односно да го обезбедат правото на судење во разумен рок.

## *АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ*

### *АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

Апелациониот суд Скопје во текот на 2006 година, според постигнатите резултати на ниво на суд и според бројот на судиите кои постапувале по предметите во текот на годината, претставува апсолутно ефикасен суд, со оглед на тоа што заостатокот на предмети во Кривичниот оддел може да се заврши за еден месец, а во Граѓанскиот оддел за 1,5 месеци.

Судот како и претходната година, така и во 2006 година работел со намален број на судии, но просекот на завршени предмети по судија е на ниво на претходната година.

Во работата судот се среќава со проблеми поради недостаток на стручен и технички персонал, бидејќи според актот на систематизација голем број работни места се непополнети.

Во текот на годината, редовно се одржувани средби на ниво на граѓанските и кривичните совети на сите три апелациони судови, што видливо дало резултат по однос на квалитетот на работата на судот.

Покрај констатацијата дека Апелациониот суд Скопје е апсолутно ефикасен суд, податокот за постоење на 45% укинати одлуки кај одредени подрачни судови, укажува за лош квалитет на работата на овие судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје. Во таа смисла, потребно е да се преземат поголеми стручни напори во смисла да при враќањето на предметите се даде поквалитетно образложение и укажување, како во иднина не би се повторувале истите грешки од подрачните судови. Ова, дотолку повеќе што со новиот Закон за парнична постапка, се намали можноста за вложување на вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија, што ќе услови завршување на редовната постапка пред апелациониот суд, со што уште повеќе се потенцира потребата од подобрување на квалитетот на работата на Апелациониот суд Скопје. Посебно се потенцира да се обрне внимание на квалитетот на изработка на одлуките и тоа во граѓанската област кај Основниот суд Тетово, Основен суд Дебар, Основен суд Кратово, Основен суд Гевгелија, Основен суд Куманово и Основен суд Гостивар, а во кривичната област Основен суд Дебар и Основен суд Кратово, каде е забележан поголем процент на укинати одлуки.

### *АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА*

Според податоците во Извештајот за работата на Апелациониот суд Битола за 2006 година, може да се констатира дека судот ефикасно и квалитетно ја извршува својата функција постигнувајќи солидни резултати во сите сегменти на работењето.

Во текот на 2006 година Апелациониот суд Битола бил ефикасен суд кој ја остварил својата програма за работа со солидни резултати и квалитетно работење, како резултат на што е зголемен бројот на решени предмети споредено со 2005 година, иако во извештајната година овој суд работел со 4 судии помалку.

Оценка е дека постојните поволни состојби треба да се одржат и во иднина, со тоа што треба да се поддржи мислењето на судот за реалниот број на судии што треба да се утврди согласно одредбите од Законот за судовите.

Во 2007 година треба да продолжат посетите на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, со цел давање на правна помош на овие судови за да се надминат проблемите со кои се среќаваат судовите во нивното работење, на што укажува и големиот процент на укинати пресуди кај сите судови кои се од ова апелационо подрачје. Треба да се настојува да се подобри квалитетот во работењето на сите подрачни судови.

Се дава поддршка на Претседателот на судот за решавање на кадровските и финансиските потешкотии, а главна обврска на сите судии во основните судови и во Апелациониот суд Битола треба да биде подобрување на личниот ангажман и зголемување на квалитетот на пресудувањето, со донесување на што повеќе мериторни одлуки од страна на Апелациониот суд Битола. Да продолжи заложбата на Претседателот на судот за задолжување на претседателите на основните судови да даваат извештаи и да го контролираат решавањето на старите предмети.

### *АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП*

Во текот на 2006 година според постигнатите резултати на ниво на суд и бројот на судите кои постапувале по предметите, спаѓа во групата на апсолутно ефикасни судови.

Квалитетот во работењето на овој суд се оценува како добар, со тоа што квалитетот во работењето и времетраењето на постапката во Кривичниот оддел, овој суд покажал апсолутна ажурност од 96,4%. Во Граѓанскиот оддел судот се ангажирал судењето да биде во разумен рок, а квалитетот на одлуките во овој оддел е нешто послаб во однос на Кривичниот оддел, меѓутоа споредено со 2005 година има подобрување на квалитетот во одлучувањето.

Апелациониот суд Штип треба и во иднина да ги продолжи и интензивира своите активности во основните судови од неговото апелационо подрачје, со цел да се направат напори за подобрување на квалитетот на пресудувањето во овие судови, а исто така да продолжи и континуираната соработка помеѓу трите апелациони судови во Република Македонија заради воедначување на судската пракса и решавање на поедини прашања од предметното работење. Во иднина, судот треба да продолжи со ваквиот начин на работа и реализирање на редовни посети на основните судови од неговото апелационо подрачје, со тоа што посебно ќе се обрне внимание на решавањето на старите предмети. Посебно треба да се има предвид работењето во Основниот суд Кочани и Основниот суд Виница од ова апелационо подрачје.

## *ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС*

Во Основниот суд Велес во извештајниот период, може да се констатира мало зголемување на приливот на предметите и во Граѓанскиот и во Кривичниот оддел, а намалување на приливот кај извршните предмети, што е резултат на стапување во сила на новиот Закон за извршување.

Констатација е дека бројот на решени предмети во 2006 година е зголемен во однос на бројот на решени предмети во 2005 година. Меѓутоа, сепак вкупниот број на незавршени предмети е зголемен, поради што овој суд се вбројува во редот на неефикасни судови.

Ангажирањето на судиите допринело за зголемување на бројот на решени предмети во однос на претходната година и генерално, оценка е дека има подобар квалитет во работењето. Меѓутоа и понатаму останува констатација за индивидуалните разлики во квантитетот на решените предмети по поедини судии, кои во иднина треба да се надминат.

Во 2006 година Основниот суд Велес својата функција ја извршувал со непотполн судиски состав и непополнет голем број на работни места од стручно-административниот кадар.

Во претстојниот период, потребно е да се направи програма за работа која ќе опфати пред се целосна пополнетост по актот на систематизација на судот за да може да се приближува кон неговата целосна ефикасност.

Потребно е да продолжи заложбата на Претседателот на судот за изготвување на програми за решавање на старите предмети кои веќе дале соодветни резултати во 2006 година.

Се дава поддршка на Претседателот на судот да ја продолжи заложбата за средување на односите во судот кои не се добри, а кои укажуваат на непочитување на програмата за работа во судот. Од тој аспект, се препорачува со сите средства кои стојат на располагање на Претседателот на судот согласно Деловникот, односите во судот и работењето на поединци да се подобри со програма за работа, што секако би допринело Основниот суд Велес како голем суд со голема надлежност да биде ажурен и ефикасен суд.

Се упатува поддршка на Претседателот на судот со програма за работа тие односи да ги надмине.

### *ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА*

Основниот суд во Гевгелија спаѓа во редот на неефикасни судови, со оглед на тоа што не е совладан приливот на предметите. Мерките и поединечните резултати, укажуваат дека состојбата се подобрува, меѓутоа истата сеуште не е на задоволително ниво. Особено се нагласува потребата од подобрување на квалитетот, со оглед да Основниот суд Гевгелија е суд кој ги има сите услови да биде еден од ефикасните и квалитетните судови, посебно со фактот дека преминува во суд со мала надлежност.

Се препорачува на Претседателот на Основниот суд Гевгелија да преземе мерки за подобрување на меѓучовечките односи кои претставуваат главна пречка за подобрување на ефикасноста на овој суд.

Посебен акцент се става на голем број нерешени стари предмети, за чие решавање е потребен поголем ангажман од страна на судиите во овој суд. По однос на ангажманот и квалитетот на судиите во одлучувањето, во сите оддели се забележува дека во однос на претходната година е зголемен бројот на потврдени одлуки, сите судии работат на повеќе материи, но и покрај високиот процент на потврдени одлуки во однос на претходната година, во сите оддели е карактеристично дека бројот на решени предмети и квалитетот не е ист кај сите судии, што исто така бара поголем личен ангажман на судиите.

### *ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР*

Основниот суд Гостивар во текот на 2006 година според постигнатите резултати на ниво на суд, а имено овој суд не го совладал приливот, иако решил повеќе во однос на претходната година, се вбројува во редот на неефикасни судови.

Во однос на ориентационата норма и квалитетот во решавањето на предметите, судиите покажуваат разлика во индивидуалните резултати, поради што во претстојниот период треба да се настојува овие разлики да се надминат, со тоа што ќе се обраќа повеќе внимание за решавање на предмети во склад со ориентационата норма и со подобар квалитет.

Судот во 2006 година покажал успех во решавањето на старите предмети и понатаму треба да се настојува таквиот тренд да продолжи.

Општа констатација веќе неколку години station наназад е дека судот покажува лоши податоци за квалитет во работењето на судиите, посебно во квалитетот на работата на двајца судии, поради што се препорачува на Претседателот на судот да направи распоред кој соодветно ќе помогне да се покажат резултати и во работата на поодделни судии. Исто така, се поддржува Претседателот на судот за преземање на сите соодветни мерки, со цел да се постигне подобар квалитет во работењето, посебно со оглед на тоа што Основниот суд Гостивар ќе стане значаен суд за работата на Апелациониот суд Гостивар. Исто така, се очекува дека со новата одлука на судии ќе се добие адекватен број на судии во овој суд според бројот на предметите.

### *ОСНОВЕН СУД ДЕБАР*

Во извештајната 2006 година во Основниот суд Дебар е зголемен приливот на предмети, меѓутоа зголемен е и бројот на решени предмети. Со оглед на тоа што приливот не е совладан и покрај зголемениот ангажман на судиите, овој суд се вбројува во редот на неефикасни судови.

По однос на квалитетот на судиите, може да се констатира според дадените податоци дека тие покажуваат различни резултати, а по однос на ангажманот на судиите,

констатација е дека само половина од бројот на судиите ја исполнуваат ориентационата норма. Инаку, судиите работат на предмети од различни области.

Препорака е да се вложат поголеми напори за зголемување на ефикасноста и квалитетот во одлучувањето и постапувањето на овој суд, а истовремено се преземаат мерки за подобрување на условите за работа во овој суд, што секако ќе допринесе и за подобрување на квалитетот во одлучувањето.

## *ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ*

Основниот суд Кавадарци во извештајниот период успеал да го совлада годишниот прилив на предмети.

Во поглед на поединечните резултати, судиите ја оствариле ориентационата норма, одделни судии во својата работа квантитативно го надминале просекот на ниво на судството. Во однос на квалитетот во кривичната материја-во оставинска, прекршочна и во стопанска материја резултатите се задоволителни, а кај некои судии во граѓанската материја резултатите се незадоволителни.

Во Основниот суд Кавадарци бројот на нерешени предмети е голем и се очекува заостатокот да се совлада за 12 месеци.

Со оглед да овој суд има и стари предмети, се препорачува да се преземат мерки за да се зголеми ефикасноста на судот во решавањето на старите предмети и да се подобри ефикасноста и квалитетот во граѓанската материја, општата граѓанска материја и стопанската материја, со оглед на покажаните податоци во извештајот.

Карактеристично за овој суд е што се соочува со проблеми со извршувањето на прекршочните парични казни, што е впрочем проблем и кај останатите судови, но тоа е законско решение, поради што судовите мора да ги достават предметите на оној кој по закон е надлежен да ја покрене постапката за наплатата на тие изречени парични казни, но сепак судовите мора да водат евиденција колку прекршочни парични казни се извршени или се во тек на постапката на извршување.

## *ОСНОВЕН СУД КРАТОВО*

Основниот суд Кратово спаѓа во помалите судови во Република Македонија во кој не е можно да се изврши специјализација на судиите по области, па иако постои извесно разграничување по области на работа, секој судија постапува по повеќе видови на работи од одделот каде е распореден и е доволно ангажиран во рамките на приливот на предметите.

Според обемот на работа, а имајќи го предвид бројот на вкупно решени и заостанати предмети, како и времето потребно да се решат заостанатите предмети кај кривичните за половина месец, прекршочните за 1,5 месец, граѓанските за 2 месеци, произлегува дека судот е ефикасен. Постигнатиот квалитет на одлучување, дава можност да се укаже на потребата од негово подобрување.

За постигнување подобри резултати во работењето, се препорачува надминување на материјално-финансиските проблеми, разрешување на проблемот со поштата, а и набавка на теренско возило, со оглед на територијата која ја опфаќа овој суд, поради што потребно е да се превземат активности за решавање на овие прашања.

## *ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА*

Основниот суд Крива Паланка во текот на 2006 година според постигнатите резултати на ниво на суд и според бројот на судиите кои постапувале по предметите во текот на годината, претставува апсолутно ефикасен суд, со оглед на тоа што во извештајниот период овој суд го совладал приливот и го решил заостатокот на предмети.

Што се однесува до податоците за квалитетот на работата, може да се констатира дека истиот е подобрен само во Граѓанскиот отсек, додека во останатите оддели се забележува извесно опаѓање на квалитетот.

Со оглед да условите за работа во овој суд се оптимални, истиот може да постигне и подобри резултати, доколку се посвети поголемо внимание на квалитетот во решавањето со индивидуална едукација и усовршување на судиите.

Се препорачува на Претседалот со судиите да изготви програма и план на активности со кои ќе се подобри квалитетот на работење и ќе се зголеми личниот ангажман на судиите, со тоа што посебно ќе се настојува да судиите коишто покажуваат резултати под просекот треба да го подобрат својот однос кон едукацијата и стручното знаење.

### *ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО*

Основниот суд Куманово се вбројува во редот на неефикасни судови, иако во текот на 2006 година се вложени големи напори од страна на судиите во овој суд.

Основниот суд Куманово се соочува со тешка финансиска состојба која датира од порано, поради што од страна на Судскиот буџетски совет се вложени напори со финансиска ревизија да се поправи моменталната состојба во судот. Посебно се укажува на Претседателот на судот да се грижи за подобрување на односот кон финансиските долгови, како и да врши контрола на работењето на судиите во смисла на одобрување на средства за трошоци за службена одбрана. Овој суд е влезен во проектот за тотална реконструкција и е прв што ќе користи средства од заемот на Светска банка.

Се препорачува судиите да ја зголемат својата ангажираност, посебно во стопанските, управно-сметководните и извршните предмети. Да се направат напори да се пополнат систематизираните работни места за административно-техничкиот персонал.

### *ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО*

Основниот суд Неготино спаѓа во групата на мали судови и во текот на 2006 година работел во потполн состав. Во текот на 2006 година овој суд не го совладал приливот, а и заостатокот на предмети е зголемен.

Карактеристично за овој суд е што исто така е многу зголемен бројот на извршните предмети, од причина што порано се напуштил ангажманот околу извршните предмети.

Основниот суд Неготино работи во добри услови, поради што треба и може да се очекува дека ќе се постигнат поквалитетни одлуки и дека судот ќе покаже ефикасност и ажурност.

Се предлага Претседателот на судот во 2007 година да преземе мерки за да се надмине проблемот на заостатокот на предметите и констатациите на извештајот на Апелациониот суд Скопје да бидат предмет за работа во 2007 година.

### *ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ*

Основниот суд Скопје I Скопје е најголем суд во Република Македонија и од досегашната работа може да се констатира дека успешно ја извршил досегашната функција. Судот минатата година целосно работел поангажирано и поквалитетно, поради што заостатокот на предметите е намален во сите оддели и отсеци, освен кај извршните предмети и платните налози. Сите оддели работат ангажирано и ефикасно и судиите во просек решиле поголем број предмети во однос на претходната година.

По однос на квалитетот истиот е подобрен во однос на претходната година, меѓутоа постојат разлики во квалитетот меѓу одредени судии. Сепак, останува заклучокот дека ангажираноста на судиите во целина била на завидно ниво, што прозлегува од остварените резултати кои укажуваат дека судиите во просек ја оствариле

ориентационата норма на решени предмети месечно и истата ја надминале, особено во отсекот за прекршоци.

### *ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ*

Основниот суд Скопје II Скопје според бројот на нерешени предмети на крајот на 2006 година е неефикасен суд.

Судиите поединечно во сите оддели покажале солидни резултати во пресудувањето. Квалитетот на пресудувањето е добар.

Овој суд во 2007 година ќе се трансформира во суд за граѓански дела. Потребно е да тоа се спроведе на време, а судиите продолжат со успешно и ефикасно пресудување согласно програмата за работа.

### *ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО*

Во текот на 2006 година Основниот суд Тетово, работел со намален број на судии и оваа извештајна година ја завршил како неефикасен суд, бидејќи не е совладан приливот и постои голем заостаток на нерешени предмети.

Заради поефикасно функционирање на Основниот суд Тетово во 2007 година, потребно е да се пополнат работните места на административно-технички персонал предвиден со актот за систематизација. Исто така треба да се вложат дополнителни напори за совладување на заостатокот на предметите, посебно со предимство на решавање на старите предмети.

Поради големиот процент на укинати предмети како во Граѓанскиот, така и во Кривичниот оддел, посебно во Кривичниот оддел квалитетот на работењето на судот не задоволува. Постои евидентна разлика во квалитетот на работата меѓу судиите изразен според процентот на потврдени и укинати предмети, поради што треба да се вложат дополнителни напори за подобрување на квалитетот на работењето, посебно кај поодделни судии.

Заради надминување на таквата состојба, се препорачува на Претседателот на судот да ја преиспита организацијата и распоредот на работа на судиите распоредени во соодветни оддели, посебно кај оние судии кај кои процентот на укинати предмети е висок.

Претседателот на судот треба да изврши преоцена дали судиите што се распоредени со распоредот на работа во Кривичниот оддел треба да решаваат и вонпроцесни предмети.

### *ОСНОВЕН СУД БИТОЛА*

Според податоците во Извештајот за работата на Основниот суд Битола, се констатира дека во тековната година приливот бил совладан по сите видови на предмети, но сепак заради големиот број на незавршени предмети, го вбројува овој суд во редот на неефикасни судови.

По однос на просечниот квалитет во пресудувањето, карактеристично за овој суд е што и понатаму се бележи опаѓање на квалитетот во пресудувањето кај кривичните предмети, а кај процесните предмети се забележување благо подобрување во одлучувањето.

Заради подобрување на работата во овој суд, односно заради постигнување на подобри резултати и поголема ефикасност, за што навистина постојат услови во овој суд, се препорачува целосна екипираност на судскиот кадар, бидејќи во овој суд недостасуваат и судии и судска администрација. Исто така се препорачува специјализација во предметното работење на судиите и поголем ангажман на судиите кои покажале незадоволителни резултати. Иако во овој суд се решени голем број спорни предмети, сепак и понатаму треба да остане заложбата на судиите за подобрување на

квалитетот во работењето, меѓутоа треба да се настојува и да се заврши и техничкото дооопремување во судот и да се надомести бројот на компјутерите кои недостасуваат во овој суд.

## *ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО*

Во извешајната 2006 година Основниот суд Кичево е неефикасен суд, бидејќи истиот не го совладал приливот и заостатокот на нерешени предмети е поголем во однос на 2005 година по сите основи.

Генерално, квалитетот во Кривичниот и Граѓанскиот оддел не е задоволителен, може да биде и подобар. Судот во Кривичниот оддел може да се третира како апсолутно ефикасен, бидејќи заостатокот на предметите судиите можат да го решат до 3 месеци. Во однос на граѓанските предмети, судот е релативно ефикасен, со тоа што треба да се обрати поголемо внимание на парничните, стопанските и извршните предмети за нивно побрзо решавање.

Се препорачува да се обрати поголемо внимание на решавањето на старите предмети во однос на нивно побрзо и поквалитетно решавање. Исто така треба да се подобри квалитетот во решавањето на предметите на судиите со целосно проучување на предметите и користење на соодветна литература и да се почитува предвидената ориентациона норма, која од одредени судии во овој суд воопшто не се почитува.

Треба да се настојува да се пополнат сите непополнети работни места со административно-техничкиот персонал, да се подобри техничката опременост, како и да се подобрат просторните услови за работа во овој суд.

## *ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО*

Основниот суд Крушево во текот на 2006 година го совладал годишниот прилив, иако во споредба со претходната година судот решил помалку предмети. Во овој суд сеуште останува проблемот со извршните предмети, исто како и во 2005 година и ниту еден предмет не е преземен од извршителите согласно новата законска регулатива.

Просечниот квалитет на постапување кај судиите е идентичен како и во 2005 година, значи квалитетот не задоволува, а кај граѓанските предмети квалитетот се влошува, што покажува големиот број на укинати предмети. Во однос на поединечниот квалитет во работењето на судиите, се констатира дека тој незадоволува, иако во решавањето на предметите судиите се движат во рамките на ориентационата норма.

Се препорачува судиите да вложат повеќе напор во личната едукација и ангажман, со цел за поквалитетно и поефикасно работење на судот. Исто така се препорачува Апелациониот суд Битола да преземе повеќе активности за подобрување на квалитетот во работењето на овој суд, а истовремено да се направат напори да се реши проблемот со извршните предмети.

## *ОСНОВЕН СУД ОХРИД*

Основниот суд Охрид според податоците во Извештајот за работата во 2006 година, се вбројува во неефикасни судови заради големиот заостаток на нерешени предмети од претходните години.

Според поединечните податоци за работата на судиите, можат да се констатираат разлики во квалитетот и квантитетот во решавањето на предметите, но врз работата на судот и ефикасноста во работењето секако има влијание и фактот дека судот работел со 5 судии помалку од систематизираните.

Во целина гледано во овој суд во извештајниот период, може да се констатира дека судиите се ангажирале во работата, значи одредени судии покажувале индивидуално

добри резултати пред се од аспект на квалитет на решавање на предметите, меѓутоа може да се констатираат и големи разлики во квантитетот на решавањето на предметите, што пак има влијание за уште повеќе да се намали заостатокот на решените предмети.

Во престојниот период треба да се направи напор за подобрување на материјално-финансиската состојба на судот, поредовен прилив на средства од судскиот буџет, да се пополнат работните места со административно-техничките работници во судот, особено посебно внимание да се посвети за да не се повтори состојбата подолго време да не се врши достава на судските писмена заради неподмирени обврски.

Со оглед да овој суд има реални услови за добро да работи и функционира и има можности да даде поголеми резултати, се поддржуваат напорите за подобрување на квалитетот во работењето на подделни судии, што подразбира нивно поголемо ангажирање, лично усовршување и едукација.

## *ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП*

Во текот на извештајната 2006 година во Основниот суд Прилеп е намален приливот на предмети, истиот е совладан и е намален заостатокот.

Судиите во овој суд покажале зголемен ангажман, решени се повеќе предмети од 2005 година и квалитетот во однос на старите предмети е подобрен, а воедно е намален и нивниот број. Судот во текот на годината работел без 3 судии и намален е бројот на администрацијата. Оваа година е зголемен обемот на работата во овој суд.

Во однос на квалитетот, може да се констатира дека истиот е добар, меѓутоа секако треба да се работи и понатаму да се настојува за подобрување на квалитетот во одлучувањето.

Со оглед на сеуште големиот број на нерешени предмети што се наоѓаат во овој суд, овој суд по својата ефикасност влегува во редот на неефикасни судови, иако судиите имаат добар квалитет и ја остваруваат нормата. Поради тоа, оценка е дека во наредниот период сите вработени во судот, а особено судскиот кадар треба да вложат максимални напори за решавање на што поголем број предмети, подобрување на состојбата на квалитетот и квантитетот на решените предмети, со цел во наредниот период да се остварат и прикажат задоволителни резултати.

Во претстојниот период треба да се настојува овој суд да ги реши финансиските проблеми и проблемите со поштата.

## *ОСНОВЕН СУД РЕСЕН*

Во текот на 2006 година, поаѓајќи од вкупниот обем на работа во Основниот суд Ресен, бројот на решени предмети, како и бројот на остатокот на нерешените предмети, може да се заклучи дека се работи за суд кој е неефикасен.

Квалитетот на работа кај судиите кои постапувале во Кривичниот и Граѓанскиот оддел е различен, но воглавно не задоволува.

Според поединечните податоци за работа на судиите, може да се констатира дека судиите во Основниот суд Ресен постапувале по разни видови предмети, но заради бројот и обемот на работа, не постои можност за некоја потесна специјализација на работа по предмети, освен специјализација по правни области која била извршена во судот, со цел да се запази и обезбеди една адекватна и рамноправна распределба на предмети по судии.

Во наредниот период сите вработени во судот, особено судскиот кадар треба да вложи максимални напори за решавање на поголем број предмети, а со настојување за значително подобрување на состојбата со квалитетот и квантитетот на решени предмети.

Во претстојниот период потребен е сериозен пристап и максимална ангажираност за доразрешување на намалениот број на стари предмети, особено во граѓанската област, а кои датираат од постари години.

Констатација е дека еден од основните проблеми на овој суд кој што секако влијание на ефикасноста на работата во судот се лошите меѓучовечки односи и се дава поддршка на Претседателот на судот да се заложи за подобрување на меѓучовечките односи во овој суд, што ќе допринесе истиот да функционира подобро и поефикасно.

### *ОСНОВЕН СУД СТРУГА*

Основниот суд Струга во 2006 година со оглед на совладаниот прилив на предмети, спаѓа во групата на ефикасни и ажурни судови и истиот е ефикасен во сите оддели и отсеци, освен по извршните предмети.

Иако овој суд спаѓа во групата на ефикасни судови, сепак останува констатацијата дека се видливи разликите во однос на квалитетот на работата на поодделни судии, поради што се укажува во наредната година судиите треба да обратат поголемо внимание во однос на личниот ангажман и подобрување на квалитетот на донесување на одлуките.

Овој суд се соочува со сериозен проблем во врска со доставата на писмената, поради што треба да се направат напори овој проблем во иднина да се надмине.

Во текот на 2007 година Основниот суд Струга треба да се пополни со неопходниот административно-технички персонал, како и стручни соработници.

### *ОСНОВЕН СУД БЕРОВО*

Основниот суд Берово според надлежноста и обемот на работа спаѓа во помалите судови во Република Македонија. Извештајната 2006 година Основниот суд Берово ја завршил како апсолутно ефикасен суд.

Бидејќи се работи за помал суд, не е можно да се изврши конкретна специјализација во работењето на судиите по области, па иако постои извесно разграничување по области на работа, секој судија постапува по повеќе видови на предмети од одделот каде е распореден и е доволно ангажиран во рамките на приливот на предмети.

Квалитетот на одлучувањето во потполност задоволува и е подобар споредено со претходниот извештаен период.

Во судот е изготвена програма за решавање на старите предмети, поради што се препорачува во претстојниот период да се продолжи со настојувањето за решавањето на старите предмети и спроведувањето на програмата.

За постигнување на уште подобри резултати во работењето, се препорачува поголема соработка на судот со Апелациониот суд Штип по однос на укинатите предмети, поголема ангажираност на секој судија поединечно, особено во решавањето на старите предмети, следење на прописите, ставовите и укажувањата на повисоките судови и редовно одржување на стручни колегиуми.

Исто така во претстојниот период треба да се настојува да се пополнат упразнетите работни места предвидени со систематизацијата на судот.

### *ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА*

Основниот суд Виница во текот на 2006 година според бројот на решени предмети во текот на извештајниот период и заостаток кој може да се реши за 3,5 месеци, како и бројот на останатите нерешени предмети, се вбројува во редот на ефикасни судови. Судиите во Основниот суд Виница вложиле напори за решавање на постарите предмети и истото дало сериозни успешни резултати.

Се препорачува во претстојниот период судот да продолжи и понатаму поажурно да работи, а особено да се вложат напори за решавање на просторните проблеми и опремата за обавување на работите во овој суд.

## *ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО*

Основниот суд Делчево во услови на целосна пополнетост на судиските места и добри услови за работа, со ангажман на судиите и Претседателот на судот, извештајната 2006 година ја завршил како ефикасен суд. Судиите и Претседателот на судот ја исполниле ориентационата норма, а заостатокот на предмети може да се заврши за период 4,10 месеци.

Квалитетот во работењето како во целина, така и поединечно по судии е на задоволително ниво.

Се препорачува и понатаму да продолжат напорите за поквалитетно решавање на предметите, посебно да се вложат напори во решавањето на старите предмети кои во овој суд имаат приоритет во решавањето.

## *ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ*

Во извештајната 2006 година Основниот суд Кочани не успеал да го совлада приливот на предметите, поради што истиот е неефикасен суд.

Во однос на искажаниот квалитет, може да се констатира дека квалитетот на одлуките задоволува, но не задоволува бројот на решени предмети.

Овој суд се соочува со поголеми финансиски потешкотии, бидејќи сеуште има стар неисплатен долг и понатаму во координација со Судскиот буџетски совет да се вложат напори за разрешување на овие проблеми.

Исто така се препорачува во судот да се вложат напори за решавање на старите предмети кои ги има посебно во стопанскиот и вонпроцесниот отсек. Со оглед да овој суд има добра екипираност, потребно е да се вложат напори за постигнување на посоодветни резултати од работата во смисла на подобар квалитет и побрзо решавање на предметите.

## *ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ*

Основниот суд Радовиш во текот на 2006 година не успеал да го совлада приливот на предметите, поради што овој суд спаѓа во редот на неефикасни судови.

Во однос на квалитетот и оваа година, како и во претходната извештајна година, судиите покажуваат различни резултати во Кривичниот и во Граѓанскиот оддел, поради што се препорачува во 2007 година, особено сериозно внимание да се посвети на старите нерешени предмети, која бројка во овој суд е голема.

Иако квалитетот е подобрен треба да се вложат напори да се посвети поголемо внимание на зголемување на истиот, а посебно со оглед на фактот што еден дел од надлежноста преминува на Основниот суд Струмица.

Со оглед на работењето на овој суд, може да се очекува дека овој суд ќе го надмине заостатокот на предметите и ќе го подобри квалитетот, бидејќи судот е кадровски добро екипиран, но сето тоа бара поголема ангажираност од страна на судиите и сите вработени во овој суд.

## *ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ*

Овој суд во извештајната 2006 година го совладал приливот, има мал број на заостаток на предмети, што го вбројува во редот на ефикасни судови.

Со оглед на поединечните резултати и ангажман на судиите, од нивната севкупна работа може да се заклучи дека е ефикасна, односно квалитетот и квантитетот на одлуките е добар.

Треба да се обрне поголемо внимание на постарите предмети како во Кривичниот оддел, така и во Граѓанскиот оддел, при што да се даде предимство на решавање на старите предмети.

Овој суд бележи позитивни тенденции во сите аспекти на работењето, поради што се препорачува и понатаму да се продолжи во таа насока да се вложуваат поедини напори на судиите и на судската администрација за постигнување подобри резултати. Исто така се препорачува овој суд кадровски да се доекипира.

## *ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА*

Основниот суд Струмица во извештајната година, со оглед на прикажаните резултати во бројот на решени предмети и бројот на предмети со кои е намален заостатокот, говори дека во извештајната година судот направил извонредни чекори кон решавање на предметите и целосно совладување на приливот и заостаток решен за голема бројка од 12.337 предмети.

Во иднина, судот треба да се насочи кон решавање на нерешените предмети во Граѓанскиот оддел каде што има постари предмети. Исто така по однос на траењето на постапката, во судот се покажани извонредни резултати.

Во однос на квалитетот на решените предмети, во иднина треба да се направат напори за подигнување на процентот на потврдени во однос на процентот на укинати одлуки, како и изедначување на постоечките поедини различни резултати.

Во текот на 2007 година треба да се направат сите усилби за пополнување на недостатокот во однос на административно-техничкиот персонал, бидејќи во овој суд недостасува прилично голем број на судска администрација согласно систематизацијата на судот.

## *ОСНОВЕН СУД ШТИП*

Основниот суд Штип во текот на 2006 година не успеал да го совлада приливот, а сето тоа се должи на зголемениот број на прекршочни предмети. Поради тоа е потребно да се вложат дополнителни напори да се совлада приливот и да се реши заостатокот, како би се надминале состојбите во овој суд.

Во однос на квалитетот во работењето во споредба со 2005 година, се забележува извесно подобрување, но многу послаб квалитет е покажан во прекршочните предмети.

Во судот се направени напори за намалување на бројот на извршните предмети, меѓутоа и понатаму загрижува големиот број на нерешени стари предмети.

За надминување на таквата состојба со старите предмети, се препорачува на Претседателот на судот да изработи посебна програма со конкретни задолжувања по судии, со рокови на исполнување и секојдневно следење на работата. Решавањето на овие предмети треба да биде приоритетно. Треба да се направат напори за решавање на големиот број извршни предмети.

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА**